СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 47. седница**
**11.11.2020 година**
**Точка на дневен ред бр. 3**

# ОДЛУКА

## за именување член на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, ноември 2020 година**

Врз основа на член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола СО бр. 02-9782/1/II-9 од 29.5.2019 година (пречистен текст), Собранието на Банката на својата 47. седница одржана на 11.11.2020 година, донесе

# ОДЛУКА

**Член 1**

За член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола со мандат од 4 (четири) години се именува:

1. Снежана Георгиева - **член**

**Член 2**

На именуваниот член на Надзорниот одбор ќе му се исплаќа месечен нето-износ од 50 000,00 денари како надомест за учество и работа на седниците, како и јавни давачки во согласност со закон.

**Член 3**

На членот на Надзорниот одбор кој живее надвор од седиштето на Банката, односно надвор од Битола ќе му се исплатува и надомест во висина на трошоци за патување и сместување, по претходно приложени фактура или друга соодветна документација.

**Член 4**

Пријавата за упис на именуваниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар ја поднесува Секторот за правни работи и управување на Кабинет на Управен одбор.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

СО бр.02-19821/1/II-3
Битола, 11.11.2020 година

Стопанска банка а.д Битола
Собрание на акционери

Претседавач
---------------------

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во согласност со член 67 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола СО бр. 02-978/1/II-9 од 29.5.2019 година, Надзорниот одбор на Банката се состои од 7 (седум) члена, од кои два члена се независни.

Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола во моментот работи и функционира во состав од 6 (шест) членови и тоа: Миле Зечевиќ, Александра Радевска, Стевчо Јолакоски, Иванчо Вејлановски, Игор Камбовски и Гордана Темелковска - Костовска. За независни членови на Надзорниот одбор се именувани Миле Зечевиќ и Игор Камбовски.

Со цел персонално дооформување на Надзорниот одбор согласно Статутот потребно е Собранието да пристапи кон избор и именување на член на Надзорниот одбор.

Имајќи го во предвид сето погоренаведено се предлага Собранието на акционери да ја донесе предметната Одлука.

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор

Претседател
м-р Миле Зечевиќ

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 1